EU with YOU

# ВОДИЧ ЗА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД



Co-funded by the European Union

ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА
LOCAL COMMUNITY DEVELOPMENT FOUNDATION

KONEKT

AGORA

**ВОДИЧ ЗА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОПОЛНИТЕЛНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД**

**Издавач**
АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности ©2025

**Контакт**
ул. Аминта Трети бр. 16-1/7, 1000 Скопје, Северна Македонија
моб: +389 70 340 773, тел: +389 2 3 119 106,
е-пошта: contact@agora.org.mk

**Автори**
Наташа Амџију,
Кристина Хаџи-Василева

**Уредник**
Кристина Хаџи-Василева

**Лектор**
Љубинка Ајтовска

**Дизајн и подготовка**
КОНТУРА
Ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" 132, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

**Тираж**
80

**Место на издавање**
Скопје 2026

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

628.4.043:340.132.6(497.7)(036)

АМЏИЈУ, Наташа
Водич за законот за управување со дополнителни тековина отпад / [автори Наташа Амџију, Кристина Хаџи-Василев]. - Скопје : Агора, 2026. - 18 стр. : илустр. ; 29 см

Содржи и: Анекс 1-3

ISBN 978-608-66312-4-6

1. Хаџи-Василев, Кристина [автор]
а) Управување со отпад -- Дополнителни тековиЗаконска регулатива -- Македонија -- Водичи

COBISS.MK-ID 68284933

# СОДРЖИНА


**1.** ВОВЕД 4

**2.** ОСНОВНИ ПОИМИ И ПРИНЦИПИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ТЕКОВИ НА ОТПАД 4

**2.1** Што се текови на отпад? 4

**2.2** Хиерархија на управување со отпад 5

**2.3** Принцип „загадувачот плаќа“ 5

**2.4** Проширена одговорност на производителот 5

**2.5** Одржливост, транспарентност и улога на граѓаните 5

**3.** ОБВРСКИ ПО ОДДЕЛНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД 6

**4.** УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ 8

**4.7.** Потреба од соработка и координација 9

**5.** НАЦИОНАЛНИ ЦЕЛИ ЗА СОБИРАЊЕ ОТПАД 9

**6.** ФИНАНСИСКИ МЕХАНИЗМИ И НАДОМЕСТОЦИ 10

**7.** НАДЗОР, КОНТРОЛА И КАЗНИ 10

**8.** ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ 11

**9.** ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И НАЈЧЕСТИ ПРАШАЊА 12

**Анекс 1** – Прашалник за усогласеност 15

**Анекс 2** – Прашалник за усогласеност 17

**Анекс 3** – Прашалник за усогласеност 18

# 1. ВОВЕД

Овој водич обезбедува практична и разбирлива поддршка за примената на Законот за управување со дополнителни текови на отпад и е наменет за сите засегнати страни во Северна Македонија – институциите, единиците на локалната самоуправа, деловниот сектор, граѓанските организации и за граѓаните. Законот претставува клучен правен инструмент за заштита на животната средина и на јавното здравје и создава основа за транзиција кон одржлив и циркуларен модел на развој.

Преку јасно утврдени обврски и одговорности, Законот овозможува да се воспостави ефикасен и координиран систем за управување со посебните категории отпад. Водичот дава поедноставени насоки за законските обврски, постапките и за практичните аспекти поврзани со создавањето, собирањето, транспортот, третманот, рециклирањето и отстранувањето на дополнителните текови на отпад.

Посебен акцент е ставен на улогата на општините и на јавните комунални претпријатија во организирањето на локалните системи за собирањето, развојот на инфраструктурата, соработката со овластени оператори и за информирањето на граѓаните. Истовремено, се нагласуваат обврските на правните лица во рамките на проширената одговорност на производителот како клучен механизам за финансирање и за функционирање на системот.

Водичот е наменет и за пошироката јавност, со цел да обезбеди јасни информации за значењето на законот, основните принципи на селекција и правилно постапување со посебните категории отпад, како и за улогата на секој поединец. Активното учество на граѓаните е препознаено како неопходен предуслов за намалување на загадувањето и зголемување на рециклирањето.

Документот е изработен во рамките на проектот „Еко Дијалог кон ЕУ: Поттикнување на еколошки промени преку застапување за политики", финансиран од Европската Унија, и спроведуван од Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип, Здружение Конект – Скопје и АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности – Скопје, со цел да се поддржи преминот кон зелена и одржлива економија, усогласена со Европскиот зелен договор. Структурата на водичот следи практичен пристап, со јасни и концизни објаснувања, без непотребен правен јазик.

# 2. ОСНОВНИ ПОИМИ И ПРИНЦИПИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ТЕКОВИ НА ОТПАД

## 2.1 Што се текови на отпад?

Текови на отпад се посебни категории отпад кои, поради нивниот состав, количина или потенцијално негативно влијание врз животната средина и здравјето на луѓето, подлежат на посебен режим на управување. За нив важат специфични правила за собирање, складирање, транспорт, третман, рециклирање и за безбедно отстранување.

Според Законот, овие текови опфаќаат:

- текстил и текстилен отпад,
- гуми и отпад од гуми,
- масла и отпадни масла,
- возила и отпадни возила.

Нивниот посебен третман е неопходен поради високите еколошки и здравствени ризици што можат да настанат доколку не се управуваат соодветно.

## 2.2 Хиерархија на управување со отпад

Хиерархијата на управување со отпад е основен принцип што го утврдува редоследот на приоритети при постапувањето со отпадот и служи како водилка за сите засегнати страни:

1. спречување на создавање отпад,
2. подготовка за повторна употреба,
3. рециклирање,
4. други форми на искористување,
5. отстранување (депонирање).

При донесување одлуки, секогаш треба да се дава предност на повисоките нивоа од хиерархијата.

## 2.3 Принцип „загадувачот плаќа“

Принципот „загадувачот плаќа“ подразбира дека трошоците за управување со отпадот ги сноси оној што го создава отпадот или што го пласира производот на пазарот. Производителите и увозниците се одговорни за отпадот од своите производи, со што се обезбедува правичност и се поттикнува поодговорно производство и потрошувачка.

## 2.4 Проширена одговорност на производителот

Проширената одговорност на производителот (ПОП) е централен механизам во системот за управување со дополнителни текови на отпад. Производителите, увозниците и лицата што стават производи на пазарот имаат обврска да обезбедат собирање, третман и рециклирање на отпадот од нивните производи и да постигнуваат законски утврдени цели. Овие обврски може да се спроведуваат индивидуално или преку колективни системи – овластени организации.

## 2.5 Одржливост, транспарентност и улога на граѓаните

Управувањето со текови на отпад треба да придонесува кон одржлив развој преку намалување на загадувањето, заштита на здравјето и зачувување на природните ресурси. Транспарентноста и отчетноста се суштински принципи, при што институциите и операторите се одговорни пред јавноста за своето работење.

Граѓаните имаат клучна улога во системот, преку правилно одвојување на отпадот, користење на воспоставените системи за собирање и одговорно однесување како потрошувачи. Без нивно активно учество, системот не може да функционира ефикасно.

| Принцип | Деловен сектор/ производители | Локална самоуправа | Граѓани | Граѓански организации |
|---|---|---|---|---|
| Спречување на создавање отпад | Дизајн на производи со помалку отпад и подолг животен век | Програми за намалување на отпад | Одговорна потрошувачка | Кампањи за превенција |
| Повторна употреба | Поттикнување за сервисирање и за повторна употреба | Поддршка на локални иницијативи | Користење и донирање | Промоција на „reuse“ модели |
| Рециклирање | Финансирање и организирање системи | Организирање селекција | Селектирање отпад | Мониторинг и едукација |
| Загадувачот плаќа | Сносење трошоци за отпад | Намалување товар на буџет | Правична распределба | Јавен надзор |
| Проширена одговорност | Обврска за собирање и третман | Координација со системи | Користење на системите | Застапување за ефективност |
| Транспарентност | Известување и податоци | Јавно објавување | Информираност | Анализа и контрола |

**Табела 1:** Што значат клучните принципи за различните засегнати страни

# 3. ОБВРСКИ ПО ОДДЕЛНИ ТЕКОВИ НА ОТПАД

Законот за управување со дополнителни текови на отпад утврдува посебни обврски за одредени категории производи и отпад, поради нивното значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. Овие обврски се применуваат во текот на целиот животен циклус на производите – од нивното ставање на пазарот, преку употребата, до моментот кога стануваат отпад.

Дополнителните текови на отпад опфатени со Законот се:

- отпаден текстил,
- отпадни гуми,
- отпадни масла и
- отпадни возила.

Иако обврските се разликуваат по тек, заедничка цел е да се обезбеди одделно собирање, безбеден третман и зголемување на повторната употреба и рециклирањето, со што се намалува депонирањето и загадувањето.

Отпадниот текстил се собира одделно од мешаниот комунален отпад и, кога е употреблив, се насочува кон повторна употреба, а во спротивно кон рециклирање. Отпадните гуми се собираат без мешање со друг отпад и се третираат преку рециклирање или други дозволени форми на преработка, при што е забрането нивно палење или неконтролирано складирање. Отпадните масла, поради нивниот опасен карактер, се собираат одделно во соодветни садови и се предаваат исклучиво на овластени собирачи и постапувачи. Отпадните возила се предаваат само во овластени центри, каде што се врши безбедно отстранување на опасните компоненти и максимално искористување на материјалите преку повторна употреба и рециклирање.

За сите дополнителни текови на отпад важат заеднички обврски: примена на начелото на проширена одговорност на производителот, водење евиденции и обезбедување следливост на отпадот, примена на соодветни техники за третман и почитување на мерките за заштита на животната средина и на јавното здравје.

| Тек на отпад | Клучни обврски | Одговорен субјект |
|---|---|---|
| **Отпаден текстил** | • Одвоено собирање на текстилниот отпад<br>• Поттикнување повторна употреба<br>• Рециклирање или соодветен третман на неупотреблив текстил | Производители и увозници (преку самостоен или колективен постапувач);<br>Општини – обезбедување пунктови и рециклажни дворови |
| **Отпадни гуми** | • Одвоено собирање на гуми<br>• Забрана за мешање со друг отпад<br>• Рециклирање или друга дозволена преработка | Производители и увозници<br>Сервиси и трговци – собирање<br>Општини – инфраструктура |
| **Отпадни масла** | • Одвоено собирање во соодветни садови<br>• Забрана за мешање и истурање<br>• Третман преку регенерација или друг дозволен начин | Производители и увозници<br>Сервиси и индустриски субјекти – предавање<br>Овластени собирачи и постапувачи |
| **Отпадни возила** | • Предавање само во овластени центри<br>• Отстранување опасни компоненти<br>• Повторна употреба и рециклирање на материјали | Производители и увозници на возила;<br>Овластени центри за собирање и третман |
| **Заеднички за сите текови** | • Финансирање преку проширена одговорност на производителот<br>• Водење евиденција и следење на отпадот<br>• Примена на најдобри достапни техники | Производители/увозници;<br>Самостојни и колективни постапувачи;<br>Надлежни институции |

**Табела 2:** Обврски по типови (текови) на отпад

# 4. УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

При купување нов текстилен производ, продавницата е должна бесплатно да прифати еден употребен текстилен производ од купувачот. Преземениот текстил се предава во официјалниот систем за управување со отпад и не смее да се фрла како комунален отпад.

Продавниците мора јасно да ги информираат купувачите за оваа можност во продажниот простор.

Ефективното управување со текови на отпад бара јасно дефинирани улоги и координација помеѓу сите засегнати страни. Законот прецизно ги утврдува одговорностите на институциите, деловниот сектор, локалната самоуправа, граѓаните и на граѓанските организации.

| Кој | Што (надлежности/ обврски) | Како (начин на спроведување) | Што не смее |
|---|---|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | Креира политики и регулатива; утврдува цели; води регистри и системи за известување | Донесување подзаконски акти; изработка на стратегии и планови; собирање и објава на податоци; усогласување со правото на ЕУ | Да не донесува неусогласени или нејасни прописи; да не одложува воспоставување регистри |
| ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА | Надзор и контрола на примената на Законот | Инспекциски надзори; проверка на евиденции и извештаи; изрекување санкции | Да не дозволува работење без овластување; да не толерира непочитување на обврските |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД | Поддршка на циркуларна економија и ПОП | Креирање економски политики и инструменти; координација на зелени мерки | Да не промовира практики што ја поткопуваат ПОП |
| ЦАРИНСКА УПРАВА | Контрола и евиденција на увезени производи | Прибирање и размена на податоци; контрола на усогласеноста на увозот | Да не дозволи увоз без исполнети законски обврски |
| ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА (ОПШТИНИ) | Организација на локалните системи за одделно собирање | Обезбедување собирни центри и пунктови; договори со оператори; информирање на граѓаните | Да не третираат дополнителни текови како комунален отпад; да не го прекинуваат системот |
| ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | Оперативна поддршка на системот | Логистика, одржување и секојдневно функционирање на собирните места | Да не мешаат дополнителни текови со комунален отпад |
| ПРОИЗВОДИТЕЛИ И УВОЗНИЦИ | Финансирање и организирање на управувањето со отпад од нивните производи | Вклучување во колективен или индивидуален систем; плаќање надоместоци; водење евиденции | Да не пуштаат производи без вклучување во систем; да не доставуваат неточни податоци |
| ТРГОВЦИ СО ТЕКСТИЛНИ ПРОИЗВОДИ | Преземање отпаден текстил од крајни корисници | Систем „еден за еден“ (1:1); бесплатно преземање и предавање во официјален систем | Да не одбиваат преземање; да не го третираат отпадот како комунален |
| ОВЛАСТЕНИ ОПЕРАТОРИ И КОЛЕКТИВНИ ПОСТАПУВАЧИ | Практична реализација на системот | Редовно собирање; безбеден транспорт; третман и рециклирање; следливост | Да не преземаат отпад без овластување; да не го предаваат на неовластени капацитети |
| ГРАЃАНИ И ДОМАЌИНСТВА | Одделно собирање и правилно предавање на отпадот | Одвојување текстил и гуми; користење собирни места; одговорна потрошувачка | Да не создаваат диви депонии; да не фрлаат или палат отпад |
| ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | Мониторинг, едукација и застапување | Следење на системот; јавни иницијативи; едукативни активности | Да не дезинформираат; да не дејствуваат надвор од законската рамка |
| МЕДИУМИ | Информирање и јавна контрола | Известување за права, обврски, резултати и прекршувања | Да не шират неточни или непроверени информации |

## 4.7. Потреба од соработка и координација

Законот јасно укажува дека ниту една страна не може самостојно да обезбеди ефективен систем. Потребна е континуирана соработка, размена на информации и заемна одговорност меѓу сите актери.

Самостоен постапувач е производител или правно лице кое со соодветна дозвола, самостојно ја презема одговорноста за собирање, транспорт и третман (повторна употреба или рециклирање) на отпадот што настанува од неговите производи. Овој модел го користат компании кои имаат капацитет самите да ги исполнат законските обврски, без приклучување кон колективен систем.

Колективен постапувач е правно лице кое со соодветна дозвола, организира собирање, транспорт и третман (повторна употреба или рециклирање) на отпадот од гуми, масла, возила или текстил во име на повеќе производители. Овој модел им овозможува на производителите заеднички и поефикасно да ги исполнат законските обврски.

# 5. НАЦИОНАЛНИ ЦЕЛИ ЗА СОБИРАЊЕ ОТПАД

Законот утврдува **постепено растечки национални цели за собирање** отпаден текстил, отпадни гуми, отпадни масла и отпадни возила, изразени како процент од количините пуштени на пазарот во претходната година, за да се обезбеди стабилен развој на системите за собирање и третман.

| Година | Отпаден текстил | Отпадни гуми | Отпадни масла | Отпадни возила |
|---|---|---|---|---|
| 2025 | 15 % | 40 % | 15 % | 15 % |
| 2026 | 20 % | 45 % | 20 % | 20 % |
| 2027 | 25 % | 50 % | 25 % | 25 % |
| 2028 | 30 % | 55 % | 30 % | 30 % |
| 2029 | 35 % | 60 % | 35 % | 35 % |
| 2030 | 40 % | 65 % | 40 % | 40 % |
| 2031 | 45 % | 70 % | 45 % | 45 % |

**Табела 3:** Национални цели за собирање по години

Производителите и увозниците се обврзани **секоја година, до 31 март**, да исполнат индивидуални цели за собирање, пресметани врз основа на количините што ги пуштиле на пазарот (во килограми, односно во парчиња за возила). Исполнувањето се обезбедува преку **колективни или индивидуални системи**, со инфраструктурна поддршка од општините и надзор од надлежните институции.

Од **1 јануари 2031 година** важат и минимални национални цели за третман на одделно собраниот отпад:

- **текстил:** 98 % повторна употреба и преработка;
- **гуми:** 98 % преработка;
- **масла:** 70 % преработка и 30 % согорување.

Целите се пресметуваат врз основа на собраниот отпад и важат и за отпад што се извезува, доколку е обезбеден еколошки безбеден третман.

## 6. ФИНАНСИСКИ МЕХАНИЗМИ И НАДОМЕСТОЦИ

Финансирањето се заснова на принципот **„загадувачот плаќа"** и на **проширената одговорност на производителот**, што значи дека трошоците за управување со отпадот не ги сносат само општините и граѓаните, туку и производителите и увозниците кои стават производи на пазарот. Целта е да се воспостави фер систем и да се поттикнат поодговорно производство и потрошувачка.

Производителите, увозниците и одредени економски оператори плаќаат **надоместоци за управување со отпад**, кои се користат за организирање и финансирање на системите за собирање, транспорт, третман и рециклирање, како и за исполнување на законските цели и информирање на јавноста.

Колективните постапувачи имаат централна улога во финансиските текови: тие ги прибираат надоместоците од своите членови, ги распределуваат средствата кон операторите и обезбедуваат исполнување на националните цели. Од нив се очекува транспарентно работење и редовно известување.

Општините го финансираат собирањето на комуналниот отпад преку локални надоместоци, но важно е јасно да се разликуваат комуналните услуги платени од граѓаните, од системите за проширена одговорност коишто се финансирани од производителите. Транспарентноста и отчетноста се клучни за довербата на јавноста и ефективноста на системот, при што граѓанските организации и медиумите имаат значајна улога во надзорот.

## 7. НАДЗОР, КОНТРОЛА И КАЗНИ

Надзорот над примената на Законот го вршат **Министерството за животна средина и просторно планирање**, **Државниот инспекторат за животна средина**, како и **општинските инспекциски служби**. Министерството ја следи примената на системот и управува со регистрите и со извештаите, додека Државниот инспекторат врши инспекциски надзор над производителите, увозниците, колективните системи, операторите и општините.

На локално ниво, надзор вршат **општинските инспектори за животна средина**, **комуналните инспектори** и **инспекторите за комунален ред. Општинските инспектори за животна средина**, вршат контрола над постапувањето со отпад, одделното собирање, користењето на собирните места и почитувањето на локалните и на националните прописи. **Комуналните инспектори**, постапуваат во случаи на неправилно одлагање на отпад, создавање диви депонии, оставање отпад на јавни површини, непочитување на правилата за комунален ред. **Инспекторите за комунален ред** (каде што постојат како посебна служба), вршат контрола на јавните површини и изрекуваат мерки и казни за прекршоци поврзани со отпадот.

Инспекцискиот надзор може да биде редовен, вонреден или по пријава од граѓани и граѓански организации.

Законот предвидува парични казни, санкции за одговорни лица и забрана за вршење дејност во потешки случаи. Ефикасниот надзор е клучен за правична примена, доверба во системот и заштита на животната средина.

# 8. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Непочитувањето на обврските од Законот подлежи на прекршочни санкции, кои се разликуваат според видот на субјектот и тежината на прекршокот.

| Категорија на прекршок | Типични прекршоци (примери) | Глоба за правни лица (€) | Глоба за одговорно лице (€) | Глоба за физичко лице (€) | Дополнителни мерки |
|---|---|---|---|---|---|
| I категорија (сериозни прекршоци) | Горење отпад; истурање масла; фрлање гуми/возила во природа; одбивање прием „1:1"; неводење евиденција; непредавање отпад | микро: 9.000 – 10.000<br>мали: 18.000 – 20.000<br>средни: 53.000 – 59.000<br>големи: 88.000 – 98.000 | 500 – 5.000 | 250 | Забрана за вршење дејност / должност |
| II категорија (системски пропусти) | Немање систем за собирање; недоставување извештаи; неплаќање надоместоци; немање договор со постапувач; неточни податоци | микро: 13.000 – 14.000<br>мали: 25.000 – 28.000<br>средни: 76.000 – 84.000<br>големи: 126.000 – 140.000 | 700 – 7.000 | 500 | Забрана за дејност / должност |
| III категорија (најтешки прекршоци) | Неисполнување национални цели; работа без дозвола; неплаќање надоместоци; незаконска преработка | микро: 18.000 – 20.000<br>мали: 36.000 – 40.000<br>средни: 110.000 – 120.000<br>големи: 180.000 – 200.000 | 10.000 | 750 | Забрана за вршење дејност / должност |

# 9. ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ И НАЈЧЕСТИ ПРАШАЊА

Ова поглавје дава одговори на најчестите дилеми со кои се соочуваат засегнатите страни.

**Прашање: Имам стар електричен или електронски апарат. Дали можам да го фрлам во обичен контејнер?**

**✓ Одговор:**

Не. Старите електрични и електронски апарати не смеат да се фрлаат во мешан комунален отпад. Тие треба да се предадат на овластен собирен пункт или бесплатно да се вратат кај продавачот при купување нов апарат од ист тип, по принцип „еден за еден".

**Прашање: Имам мал бизнис што става пакувани производи на пазарот. Дали мора да бидам дел од колективен систем?**

**✓ Одговор:**

Да. Доколку ставате пакување или производи со пакување на пазарот, имате обврска за проширена одговорност на производителот. Тоа значи дека мора да се приклучите кон колективен систем или самостојно да ги исполнувате законските обврски за управување со отпадот.

**Прашање: Имам мала продавница за облека. Што треба да направам за да ги исполнам обврските од Законот?**

**✓ Одговор:**

Како продавница за облека, имаш обврска **бесплатно да преземаш отпаден текстил по принципот „еден за еден"** при продажба на нов производ. Во продавницата или во нејзината близина треба да обезбедиш **јасно обележано место за собирање**. Преземениот текстил **не смее да се третира како комунален отпад**, туку редовно се предава на **овластен постапувач**. Потребно е и **да се води основна евиденција** и **да се информираат купувачите** за оваа можност.

**Прашање: Во мојата општина има диви депонии. Кој е одговорен да постапи?**

**✓ Одговор:**

Општината е одговорна да преземе мерки за отстранување на дивите депонии, во координација со инспекциските служби и со надлежните институции. Истовремено, граѓаните и правните лица се должни да не фрлаат отпад на нерегуларни локации.

**Прашање: Произведувам текстил кои се моите обврски според Законот?**

**✓ Одговор:**
Еве ги обврските табеларно претставени:

| Период | Што е обврска | Каде/како |
|---|---|---|
| **Јануари** | Подготовка на податоци за претходната година (количини пуштени на пазар) | Интерна евиденција |
| **до 31 март** | Годишен извештај за количини текстил пуштени на пазарот | До МЖСПП, преку пропишан образец |
| **до 31 март** | Утврдување индивидуални годишни цели за собирање | Во соработка со колективен/ самостоен постапувач |
| **Месечно/ квартално** | Известување за количини (според договор) | Според договор со колективниот постапувач |
| **Во текот на годината** | Плаќање надоместоци за управување со отпаден текстил | Според договор и фактури |
| **Континуирано** | Водење евиденција (пазар, извештаи, уплати) | Чување документација (минимум пропишан рок) |
| **Континуирано** | Информирање на купувачи (повраt, собирање) | Етикети, веб-страница, инфо-материјали |
| **По потреба** | Ажурирање на регистрацијата (промени во статус/количини) | До МЖСПП |

**Прашање: Како државата ги следи националните цели за собирање и рециклирање и кои податоци треба јас да ги доставам како производител на текстил? Кој образец треба да го пополнам?**

**✓ Одговор:**
Државата ги следи националните цели преку **национален систем за евиденција и известување** што го води Министерството за животна средина и просторно планирање, врз основа на податоци доставени од производителите, увозниците и постапувачите.

Како производител на текстил, имаш обврска **до 31 март** да поднесеш **Годишен извештај за количините текстил пуштени на пазар** во претходната година, на **пропишан образец**, до Министерството (директно или преку колективниот постапувач).

Колективниот постапувач може технички да помогне со пополнувањето, но **одговорноста за точноста на податоците е на производителот**.

**Прашање:** **Кога купувам ново парче облека, дали продавачот има обврска да ми ја земе старата облека?**

**✓ Одговор:**

Да. Согласно Законот за управување со дополнителни текови на отпад, продавачот на текстилни производи има обврска **бесплатно да преземе едно старо парче облека** од купувачот при купување ново парче облека од ист вид, по принцип „еден за еден". Продавачот е должен да обезбеди соодветно место за прием и да ја предаде старата облека на овластен постапувач за понатамошна повторна употреба или за рециклирање.

**Прашање:** **Кога купувам нов електричен или електронски апарат, дали продавачот има обврска да ми го земе стариот апарат?**

**✓ Одговор:**

Да. При купување нов електричен или електронски апарат, продавачот е должен **бесплатно да го преземе стариот апарат од ист тип**, по принципот „еден за еден", без разлика дали е функционален или не. Преземениот апарат мора да биде предаден на **овластен систем или оператор** за соодветен третман и рециклирање.

**Прашање:** **Кој плаќа за рециклирањето?**

**✓ Одговор:**

Производителите и увозниците преку надоместоци.

**Прашање:** **Дали граѓаните плаќаат двојно?**

**✓ Одговор:**

Не, граѓаните **не плаќаат двојно**. Комуналната такса ја плаќаат граѓаните за редовно собирање и одржување на **комуналниот** отпад, додека **надоместоците за управување со посебни текови на отпад ги плаќаат производителите и увозниците**. Овие надоместоци се користат за собирање, третман и рециклирање на посебниот отпад и се дел од системот на проширена одговорност на производителот, а не директен трошок за граѓаните.

# **Анекс 1** – Прашалник за усогласеност

## ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА БИЗНИСИ/ПРОИЗВОДИТЕЛИ

👉 **Како да се користи:**
Одговорете со ✔ (ДА) или ❌ (НЕ). Секој одговор „НЕ“ укажува на потенцијална неусогласеност со Законот.

### 1. Основни податоци

- ☐ Дали вашата компанија произведува, увезува или става производи на пазарот?
- ☐ Дали знаете кои типови отпад произлегуваат од вашата дејност?
- ☐ Дали сте идентификувале кои текови на отпад ве засегаат (пакување, ЕЕ-отпад, батерии, масла и сл.)?

### 2. Проширена одговорност на производителот

- ☐ Дали сте приклучени кон овластен колективен систем за соодветниот тек на отпад?
- ☐ Дали имате валиден договор со системот/операторот?
- ☐ Дали ги плаќате пропишаните надоместоци навремено?

### 3. Собирање и третман на отпад

- ☐ Дали отпадот се собира одделно според тип?
- ☐ Дали отпадот се предава исклучиво на овластени оператори?
- ☐ Дали постојат јасни интерни процедури за постапување со отпад?

### 4. Известување и документација

- ☐ Дали водите точна евиденција за количините на отпад?
- ☐ Дали доставувате редовни извештаи до надлежните институции или колективниот систем?
- ☐ Дали ги чувате документите (фактури, транспортни листови, потврди)?

### 5. Информирање и транспарентност

- ☐ Дали ги информирате вработените за правилно постапување со отпад?
- ☐ Дали давате информации до потрошувачите (каде е применливо)?
- ☐ Дали сте подготвени за инспекциски надзор?

### 6. Посебни обврски (ако е применливо)

- ☐ Дали обезбедувате бесплатно преземање на стара опрема (ЕЕ-отпад)?
- ☐ Дали имате план за управување со градежен отпад (ако сте инвеститор)?
- ☐ Дали отпадните масла се складираат и предаваат правилно?

## 7. Самооценка

☐ Ние сме целосно усогласени со Законот
☐ Потребни се мали подобрувања
☐ Постојат сериозни ризици од неусогласеност

**Препорака:** За секое ❌ изработете корективна мерка и рок за усогласување.

**Листа за проверка може да се користи како:**

- **алатка за интерна контрола**
- дел од **обука за вработени**
- **подготовка за инспекциски надзор**
- прилог кон **CSR или ESG извештаи**

# **Анекс 2** – Прашалник за усогласеност

## ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА ОПШТИНИ

**Намена:** самопроверка на општините и на јавните комунални претпријатија.

### 1. Стратешка и правна рамка

- ☐ Дали општината има усвоена локална програма/план за управување со отпад?
- ☐ Дали локалните акти се усогласени со националното законодавство?
- ☐ Дали постои јасна распределба на надлежности меѓу општината и ЈКП?

### 2. Организација на собирање отпад

- ☐ Дали е воспоставен редовен систем за собирање на комуналниот отпад?
- ☐ Дали постои селективно собирање (пакување, хартија, стакло, пластика)?
- ☐ Дали има обезбедено пунктови за посебни текови (ЕЕ-отпад, батерии)?

### 3. Соработка со оператори и системи

- ☐ Дали општината има договори со овластени оператори?
- ☐ Дали соработува со колективни системи за пакување и други текови?
- ☐ Дали се врши контрола на услугите што ги даваат операторите?

### 4. Информирање и вклучување на граѓаните

- ☐ Дали општината редовно ги информира граѓаните за правилно постапување со отпадот?
- ☐ Дали се спроведуваат едукативни кампањи?
- ☐ Дали постојат јасни канали за пријавување проблеми?

### 5. Мониторинг и известување

- ☐ Дали се води евиденција за количини на собран отпад?
- ☐ Дали се доставуваат извештаи до надлежните институции?
- ☐ Дали се користат податоците за подобрување на системот?

### 6. Надзор и постапување со прекршувања

- ☐ Дали се преземаат мерки против диви депонии?
- ☐ Дали постои координација со инспекциските служби?
- ☐ Дали се применуваат локални санкции и мерки?

### 7. Самооценка на општината

- ☐ Системот функционира добро
- ☐ Потребни се подобрувања
- ☐ Потребна е системска интервенција

# **Анекс 3** – Прашалник за усогласеност

## ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА ГРАЃАНИ

**Можеш да ја користиш оваа листа како секојдневен водич за правилно постапување со отпад.**

### ✔ Дали јас како граѓанин:

- ☐ Го одвојувам отпадот (хартија, текстил, пластика, стакло, метал)
- ☐ Батериите и електронскиот отпад не ги фрлам во обичен контејнер
- ☐ Старите електрични и електронски апарати ги предавам на овластени пунктови
- ☐ При купување нов електричен или електронски апарат, го барам продавачот да ми го преземе стариот апарат (систем „еден за еден“)
- ☐ Отпадните масла, хемикалии и бои не ги истурам во канализација
- ☐ Градежниот отпад не го фрлам на диви депонии

### ✔ Знам дека имам право:

- ☐ Да добијам информации од продавачот каде да го предадам стариот апарат
- ☐ Да добијам квалитетна и редовна услуга од општината
- ☐ Да пријавам неправилности (непреземање апарат, диви депонии, неправилно собирање)

### ✔ Што можам да направам повеќе?

- ☐ Да купувам апарати со подолг животен век
- ☐ Да поправам апарат наместо веднаш да купувам нов
- ☐ Да учествувам во локални екоиницијативи

